***Автор:*** *Македонски центар за меѓународна соработка*
***Дата:*** *март 2017*
***ISBN:*** *978-608-4681-83-0*
**PDF MK:** dosegasni-ostvaruvanja-na-dksk.pdf
**PDF MK:** matrica-na-indikatori-dksk.pdf
**PDF EN:** executive-summary-of-the-baseline-report-of-scpc.pdf
**PDF SQ:** ndjekja-e-punës-së-komisionit-shtetëror-për-pengimin-e-korrupsionit-raport-për-gjendjen.pdf



Извештајот „**Следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата: Извештај за состојбата**“ дава сумарен осврт на статусот, капацитетите и законските надлежности на ДКСК, за претходните десет години од функционирањето. Целта на овие изданија е граѓаните и другите засегнати страни редовно да добиваат сеопфатни информации за резултатите од работењето на ДКСК. За самата ДКСК придобивка од надворешното следење е да добие независна оценка за своето работење. Преку заклучоците во секој извештај, ДКСК ќе има можност да ги потврди постигнатите добри резултати, а да се подобрува тамо каде е воочено потфрлување во остварувањата.

Методологијата која беше применета за овој извештај се заснова на позитивните искуства во следењето на работењето на антикорупциските институции од страна на Центарот за изучување на демократијата (ЦИД) од Бугарија и на искуството на МЦМС во следењето на отвореноста на институциите. Методологијата која се применува во извештаите се заснова на матрица на индикаторите подготвена во соработка со ЦИД.

Три групи на индикатори кои се следат во овој извештај се:

1. Индикатори на перформансите (ИП) - даваат одговор дали и колку ДКСК ги исполнува надлежностите коишто ѝ се дадени со Законот за спречување корупција, со Законот за спречување судир на интереси и со Законот за заштита на укажувачите;

2. Индикатори на транспарентноста (ИТ) - даваат одговор на достапност и пристапност на информациите поврзани со работата на ДКСК до јавноста;

3. Индикатори на отчетноста (ИО) - даваат одговор за степенот на остварување на таканаречената вертикална отчетност пред институциите пред кои одговара и хоризонтална отчетност кон сите други засегнати страни пред кои нема формална одговорност (други институции, граѓанскиот сектор, граѓаните, медиумите, бизнис-заедницата итн.);

Во овој извештај е опфатено следењето на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата во периодот од 2006 г. до 2015 г. Резултатите од овој период треба да дадат увид во досегашните ефекти од работењето на ДКСК, коишто ќе служат како препорачливи вредности за споредба на резултатите од следење на работењето за времетраењето на проектот.

Подготовката на оваа публикација е во рамките на проектот „ Следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на јавноста “, поддржан од Британска амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа публикација се на авторите.

# СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТАТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

## ОСТВАРЕНИ РЕЗУЛТАТИ ОД 2006 ДО 2015 Г.

### БУЏЕТОТ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА




### ВРАТЕНИ СРЕДСТВА ВО ДРЖАВНАТА КАСА БЛАГОДАРЕНИЕ НА ДКСК




### ПОСТАПУВАЊЕ ВО СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА ВО ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС




**0 ИЗВЕШТАИ** ЗА НАДЗОР И КОНТРОЛА ВО ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС И ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

### РЕЗУЛТАТИ: ОСТВАРУВАЊЕ НА ПЕРФОРМАНСИ ОД 2006 ДО 2015 Г.

| | 2011 | 2015 | |
|---|---|---|---|
| ВКУПЕН БРОЈ НА АНКЕТНИ ЛИСТОВИ | 2785 | 4390 | ↗ |
| ПРОВЕРЕНИ АНКЕТНИ ЛИСТОВИ | 126 | 43 | ↘ |

КОНТИНУИРАНО СЕ НАМАЛУВА БРОЈОТ НА ПРОВЕРЕНИ АНКЕТНИ ЛИСТОВИ - ОД 126 ПРОВЕРЕНИ ЛИЦА ВО 2011 Г. НА 43 ВО 2015 Г.

### НАДЗОР И КОНТРОЛАТА ВРЗ ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА




**34 ИНИЦИЈАТИВИ** ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ПРЕД НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ, РАСПОРЕДУВАЊЕ, СМЕНУВАЊЕ




**102 ИНИЦИЈАТИВИ** ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ПРЕД НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ЗА КРИВИЧНО ГОНЕЊЕ

### ПРЕЗЕМИ ГО ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ДОСЕГАШНИ ОСТВАРУВАЊА НА ДКСК

ЦЕЛОСЕН ИЗВЕШТАЈ

МАТРИЦА НА ИНДИКАТОРИ